Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

# Упатство за регистрација на веб порталот за овластени лица

## 1 Вовед

Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошниот текст Фондот) започнува со воведување на електронски услуги за сите осигуреници, обврзници и здравствени установи кои имаат договор со Фондот.
**Услугите ќе бидат достапни на веб порталот (https://portal.fzo.org.mk).**
Целта на воведување на веб порталот е да се овозможи едноставен и лесен пристап до услугите кои до сега осигурениците, обврзниците и здравствените установи можеа да ги добијат само преку подрачните служби на Фондот. Услугите кои ги овозможува порталот се тесно поврзани со фазите на централизација на интегрираниот информационен систем - ИИС на Фондот.

## 2 Услуги за правни лица

Секој правен субјект регистриран како обврзник за пресметка и уплата на придонес во Фондот има право да овласти одговорно лице/лица задолжени за спроведување на електронска пријава/одјава (образец ЗО-1) во задолжително здравствено осигурување преку веб порталот на Фондот за своите вработените и за нивните членови.

## 3 Потребни технички предуслови за користење на порталот

За да може да се користи порталот потребно е да имате компјутер со Интернет пристап, електронска здравствена картичка (во понатамошниот текст ЕЗК), инсталиран софтвер за ЕЗК (можете да го превземете од следниот линк софтвер за ЕЗК) и читач за ЕЗК. Откако ќе заврши инсталацијата на софтверот (упатство за инсталација). За прво коритење на ЕЗК картичката потребно е истата да биде иницијализирана со внес на ПИН (упатство за иницијализација). Постапката за иницијализација на ЕЗК потребно е да се направи за секој осигуреник кој претходно нема користено ЕЗК.
Препорачани прелистувачи се последните две верзии на Google Chrome, Mozilla Firefox и Internet Explorer.

# 4 Регистрација на корисници

## 4.1 Овластени лица

Како основен инструмент за автентификација се користи ЕЗК. Со користење на ЕЗК секој корисник еднозначно ќе биде препознаен од системот.
Правниот субјект овластувањето го врши со пополнување на ЕЛ-ЗО1 * образец на шалтер во една од подрачните служби на Фондот.
За користење на услугите на веб порталот на Фондот, овластеното лице кое е наведено во ЕЛ-ЗО1 образецот потребно е:

- претходно да е регистриран како физичко лице на порталот (постапка за регистрација на физичко лице)
- да поседува ЕЗК
- да поседува читач на електронски картички

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Откако ќе биде обработено барањето корисникот добива известување на својата email адреса дека станало овластено лице за правниот субјект наведен во образецот, со што може да започне со користење на услугите достапни на Веб порталот.